Општина Конче

**ПРОГРАМА**
**ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНА КОНЧЕ ЗА 2023 ГОДИНА**




Конче декември 2022 година

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) и член 11 став 1 точка 13 од Статутот на општина Конче, Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 13.12.2022 година ја донесе следната

# ПРОГРАМА
## За одржување на јавното осветлување во Општина Конче за 2023 година

Програмата за јавно осветлување на општината Конче ги уредува односно ги опфаќа следниве области:

***1. Општи Одредби***

***2.Очекуван прилив на финансиски средства за јавно осветлување.***

***3. Орентациона потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување.***

***4. Бројот на корисници и степенот на уреденоста на јавното осветлување.***

***5. Потребни финансиски средства за набавка на потребните репроматеријали и одржување на јавното осветлување.***

***6. Потреба од нови инвестициони вложувања во областа на јавното осветлување.***

### I.Општи одредби

Општина Конче, како сопственик на јавните и улични системи за осветлување имаа должност да ги одржува овие системи во исправна состојба со цел да осигура безбеден сообраќај и да ги исполни останатите функции на јавното и улично осветлување. Се поголемите ограничувања и кратења на општинскиот буџет кој колку и да е зголемен сепак е недоволен за сите јавни потреби и намени што пак доведува до немоќност од нови инвестирања во енергетската ефикасност на уличното осветлување. Врз основа на анализата од претходните години имаме речиси неповолна состојба на финасирање на високи трошоци за одржување, како и за реновирање и објавување, без можност да се наоѓаат нови позначајни средства од општинскиот буџет.

Системите за јавно и улично осветлување обично се во сопственост на јавниот сектор а истотака обично ги оперира јавниот сектор, независно дали е во форма на посебно јавно претпријатие ,општината директно или посебно јавно тело и слично.

**Цел на програмата**

Основна цел на програмата е подигање на квалитетот на живеење на граѓаните со подобрување на јавното осветлување, преку постепени реконструкции на постојното улично осветлување и поставување на штедливи светилки со што ќе се постигне и заштеда на електрична енергија а со тоа и заштеда на финасиски средства од Буџетот на општина Конче.

Конкретна цел на програмата е да се утврдат активностите за обезбедување на функционирањето на јавното осветлување на подрачјето на општина Конче во 2023 година, како и потребните финансиски средства за спроведување на истата.

Во програмата подолу се дадени и детални табеларни прикази за бројот на светилките, видот на светилките и нивната потрошувачка како и други табеларни податоци на годишно ниво.

Функционирањето на јавното осветлување опфаќа:

- потрошувачка на електрична енергија;
- материјали за одржување на јавно осветлување;
- финансиски средства

За функционирање на јавното осветлување се врши редовното одржување кое опфаќа:

- Замена на прегорени и искршени светилки со поставување на живини ,натриумови и еко светилки.
- Замена на заштитни стакла и нивно чистење;
- Замена на сите елементи на сијалично место;
- Подесување на уредите кои служат за автоматско палење и гаснење на електричните светилки (ден/ноќ), кои се оштетени или ја изгубиле осетливоста;
- Ослободување на светлосните тела од вегетација и др.

## 1. ОЧЕКУВАН ПРИЛИВ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ.

Согласно член 3, став 1 точка 10 од Законот за комуналните такси (Службен весник на РМ бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15 и 23/16), како дополнителна јавна давачка е комуналната такса за користење и одржување на јавно осветлување.
Оваа комунална такса според Законот ја плаќаат сите иматели на електрични броила од категоријата домаќинство и сите иматели на броила од категоријата останата потрошувачка**.**
Висината на комуналната такса за оваа намена е одредена во членот 20 со тарифен број 10 ставот 1 од споменатиот Закон за комунални такси во измените и дополнувањето на истиот (Сл.весник на РМ.бр.92/07)
За користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса според типот на потрошувачите, и тоа:
- Домаќинства 184 денари
- Правни лица 368 деанри

Наплатата спрема законска регулатива на таксата за користење и одржување на јавното осветлување од имателите на броила ја врши трговското друштво за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија ЕВН Македонија и ја уплатува на трезорска сметка на општина Конче, во рок од 15 дена по извршената наплата.
Од погоре изнесеното неминовно се наметнува потребата од следното:
- Утврдување на вкупниот број на броила од типот на потрошувачите:
домаќинство и типот трговски друштва и занаетчии**.**
- Утврдување на вредноста на комуналната такса на типот на потрошувачите на електрична енергија.

Бројот на електрични броилата го утврдивме на база на податоците од повеќе месечното следење на проблематиката на јавното осветлување, имено на база на податоците со кои располагаме, вкупно иматели на активни броила на територијата на општина Конче има **1021** од кои **962** се водат како броила на домаќинства и **59** се водат како броила на трговски друштва и занаетчии,кои се регистрирани кај ЕВН Подружница Струмица
Вредноста на комуналната такса ја добивме кога висината во моментот на одредените **KWh** електрична енергија ќе ја помножиме по цената на електричната енергија за јавно осветление за сите потрошувачи.

## 2.ОРЕНТАЦИОНА ПОТРОШУВАЧКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Орентациона годишна потрошувачка на електрична енергија ќе ја изразиме во **киловат часови** (**KWh**) во прегледот по месеци за **2023** година од броилата што се наоѓаат во трафостаниците во населените места.

Бројот на постојаните поставени светилки изнесува 451 со просечна годишна потрошувачка за последните три години изнесува просечно 254.150,20 KWh

**II.1 Вкупен број на столбови и светилки**

| Р.б | Вид на столбови | Со светилки | Без светилики |
|---|---|---|---|
| 1. | Дрвени столбови | 275 | 178 |
| 2. | Бетонски столбови | 116 | 47 |
| 3. | Метални столбови | 60 | / |
| | Вкупно | 451 | 225 |

**II.2 Еконономска анализа на трошоци за осветлување за 2023 година**

Планирани средства во програмата за улично осветлување за **2023 година** се 2.250.000,00 денари имајки ги во предвид последните и можните поскапувања на електричната енергија.

Од анализата се гледа дека во просек општина Конче за улично осветлување и одржување годишно одвојува од Буџетот приближно околу 2.250.000,00 денари. Според реалната состојба на терен просечно работат околу 90% од сите светилки но пресметките за 100% ангажирање на уличното осветлување би биле повисоки. Мора да потенцираме оваа се пресметки за инсталирани светилки на територијата на општина Конче кои светат постојано и нивно ниво на годишно ниво да е еднаков на 11 часовно светење во текот на едно деноноќие.

**3. БРОЈ НА КОРИСНИЦИ И СТЕПЕНОТ НА УРЕДЕНОСТ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

Како корисници на јавното осветлување се јавуваат сите жители на општината Конче, освен за населените места каде што нема електрична енергија. Во 20 % од населените места на делови од улички потребно е влечење на електричен вод-жица за јавно осветлување, ова би било инвестиција што општината ќе биде делумно во можност истата да ја реализира.

За подобро следење на целокупната состојба во однос на јавното осветлување табеларно би изгледало вака:

**П Р Е Г Л Е Д**

Состојба ноември 2022 година

| Р.б. | Општина Конче | Вкупно |
|---|---|---|
| 1. | Лед светилки со следните карактеристики: Моќност44W; 4400Lm, 4000K, IP65 230VAC, 50h, 50000 часа, CRI>75, Работна температура -40 до +60C | 451 |

**III.Одржување на јавното осветлување**

За одржување на јавното осветлување ќе се вршат контроли два пати месечно, а редовно во централните подрачја на населени места во општината, улиците во близина на болницата, училишта, и други улици, кои се во близина на објекти од витално значење и со поголема фрекцвенција.

**2.Табеларно претставени по видови на светилки за општина Конче:**

| Р.б. | Општина Конче | Вкупно |
|---|---|---|
| 1. | Лед светилки со следните карактеристики: Моќност44W; 4400Lm, 4000K, IP65 230VAC, 50h, 50000 часа, CRI>75, Работна температура -40 до +60$^{0}$C | 451 |

**3. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА НАБАВКА НА ПОТРЕБНИТЕ РЕПРОМАТЕРИЈАЛИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

Во текот на **2023** година потребно е постојано да се вршат одредени дејствија во областа на јавното осветлување се со цел да истото ги задоволи потребите на корисниците. Дејствијата може да ги групираме во две насоки и тоа:

1.**Набавка на потребните репроматеријали за одржување**

**2.Ангажирање на стручна работна сила за одржување и замена на потребните електро материјали.**

.

**Дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на Програмата.**

2. **Обем, динамика и ниво на одржување**

2.1**. Обем на одржување**

Тргнувајќи од основната цел на Програмата, обем на работите е утврден согласно приоритетот за оспособување на уличната мрежа за функционирање и тоа:

- Главните улици по соодветен приоритет, по кој се одвива сообраќајот, витални локални патишта  и улици до објекти чие функционирање е од витално значење за општината.

**2.2. Ниво и динамика на одржување**

Одржувањето на уличното осветлување ќе се врши по следниот приоритет:

- Влезови во населени места и улици од прв приоритет, по кој се одвива сообраќајот по асфалтиран коловоз и движење кон објекти кои се од витално значење за општината;
- локални патишта и улици од втор приоритет, по кој се одвива сообраќајот и движењепо тампониран или земјен коловоз.

Одговорните работници ќе одржуваат контакти со сите субјекти, ја спроведуваат Програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани.

Конторлирањето на состојбата со осветлувањето го спроведуваат вработените во оделението за урбанизам комунални дејности и заштита на животна средина од Општина Конче на ЈПКД,,ЛАКАВИЦА,,Конче на кое ќе му се доверени работите, со својата  работна сила и механизација и тоа според приоритетноста одредена со оваа Програма.

Уличното осветлување на  влезовите  во населените места и улици од прв приоритет ќе бидат повторно оспособувани за функционирање најдоцна за 2 (два) дена по настанат дефект или престанокот.

Улици од втор приоритет ќе се оспособуваат за три дена по оспособувањето на осветлувањто на влезовите институциите  и улиците од прв приоритет.

ЈПКД,,ЛАКАВИЦА,,Конче на кое му е доверена работата за одржување на уличното осветлување на територијата на општина Конче,треба да располага минимум со  работна сила:

- Вработено лице електричар за висока струја  (минимум средно електро завршено образование со приложување на документ за претходно работно искуство во струката),
- 2 два помошни работника.

Доколку е потребно да се вклучи и возило за изведба на улични инсталации , тоа го врши предпријатието на кое му е доверена работата, по предходна согласност од надзорниот орган, а по налог на нарачателот.

**3. Организациска поставеност на службата за одржување на уличното осветлување и  обврски на учесниците**

На подрачјето на општина Конче службата за улично одржување ја организира Единицата на локална самоуправа–Конче, како носител на сите работи и активности кои се однесуваат на целокупното функционирање на истата.

Преку својот надзорен орган ја следи реализацијата на Програмата и издава налози за

работа.
Извршувањето на програмата го врши Општина Конче преку ЈПКД,,Лакавица,, Конче.
Функционирањето на службата за улично одржување се остварува со следната организациска поставеност:
Набавката на материјалите за улично осветување го врши ЈПКД,,Лакавица Конче врз основа на спроведена јавна набавка согласно Законот за јавни набавки и склучен договор со најповолен понудувач на материјали за јавно осветлување избран на јавен тендер.

**3.1. Претпријатие на кое му се доверени работите**

Предпријатието на кое му се доверени работите формира тело за организирање и раководење на службата за улично одржување. Телото ја следи реализацијата на оваа Програма и заедно со стручната служба и ангажирано струлно лице одлучува за преземање на потребни активности за справување со проблемите предизвикани од временските неприлики или настанати дефекти од прегорување..
Претпријатието ги има следните задолженија:
- организира непрекинато секојдневно следење на состојбата со уличното осветување во текот на година;
- со специјална машина, опрема и работна рака врши одржување и монтажа на елементи за улично осветување;
- води комплетна документација за работата на службата за улично одржување;
- редовно и навремено го информира нарачателот и надзорниот орган за работата на службата за улично одржување;
- изготвува и доставува извештаи за извршената работа на службата за улично одржување до нарачателот.
- организира редовно надгледување со потребна опрема и алат, резервни делови и стручен кадар со цел обезбедување исправност на осветувањето и успешно дејствување на службата за улично одржување;
- за 2023 година во доволни количини да обезбеди резервни делови и алат за нормално функционирање и дејствуање..
Во однос на монтажата и одржувањето на училичното осветлување претпријатието задолжително треба да склучи договор за вработување со стручно лице (електричар за висока струја) за монтажа на електро елементи,делови и одржување и сервисирање на училното осветлување.

**3.2. Советот на општина Конче**
- ја усвојува оваа Програма; и
- го контролира извршувањето на оваа Програма.

**3.3. Единицата на локална самоуправа**
- ги координира активностите на сите задолжени субјекти во извршувањето на задачите од Програмата;
- преку локалните средства за јавно информирање и месните заедници врши информирање за работата на службата за улично одржување.

**IV. Бенефиции од одржување на уличното осветлување од страна на општина Конче**
Од одржување на уличното осветлување ги очекуваме следните бенефиции:
- Заштеда на енергија, очекуваме заштеди на енергијата да бидат доволни за пригодите;
- Постепена модернизација на целиот систем на јавното и улично осветлување на териотријата на општина Конче;
- Општина Конче ќе биде поуспешна во борбата против губитокот на електирчна енергија предизвикани од објективни и субјективни причини, евентуално нелегално приклучување на линии за улично осветлување.

Како поконкретни бенефиции кои ќе се постигнат со програмата ќе ги споменеме и:

Зголемување на ефикасноста во давањето на услугите кон граѓаните во делот на уличното осветлување и надминување на настанати пречки, во пократок рок;

- Намалување на торшоците за училно осветлување;
- Заштеда и обезбедување на средства за нови инвестиици во уличното осветлување.
- Подобрување на естетскиот изглед на централните подрачја на населените места;
- Подобрување на осветлувањето за нормално одвивање на сообраќјот
- Модернизација

**ПОТРЕБА ОД НОВИ ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

**1.Вградување на штедливи сијалици.**

Општината во 2020 година направи модернизација на мрежата за јавно осветлување согласно новите тендендции и програмата за енергетска ефикасност бидејки мрежата беше од подолог период и имаше потреба од модернизирање со цел намалување на потрошувачката на електична енергија и подобрување на осветлувањето на јавните површини улици и влезови и излези од населените места со Проектот „ Инсталација на LED. Со примена на лед технологија која се вградување во општината се намали поторшувачката на електичната енергија и се постигна можност за дополнително зголемување на бројот на поставени уличните светилки по населените места.

**V.Финансирање на јавното осветлување**

За функционирање на јавното осветлување ќе се обезбедат средства од Буџетот на општина Konче за 2023 година од Програмата Ј3 и тоа:

| | |
|---|---|
| -потрошена електрична енергија | 1.750.000,00 денари |
| - материјали за одржување на улично осветлување и тековно одржување | 500.000,00 денари |
| Вкупно средства за реализација | 2.250.000,00 денари. |

Повлекувањето на средства од Буџетот на општина Конче -програма за улично осветлување ќе се врши:

1.За набавка на нови репроматеријали за улично одржување;

- Фореал -500ден.од еден број без ДДВ
- Жица -85ден./метар ДДВ
- Осигурачи 200ден.од еден број ДДВ

2. За вработен стручен работник за вградување и замена на улични репроматеријали и одржување на јавното осветлување-1000ден/ден без вклучен персонален данок

3.Вградување на штедливи сијалици и демонтирање на старите -4000денари без ДДВ

4.Вградување на обични сијалици за населените места каде нема штедливи сијалици 300денари со вклучен ДДВ

За реализација на програмата за јавно осветлување ќе се обезбедат средства од Програмата за Ј-3 Буџетот на општина Конче за 2023 година.

Фактурирањето за извршените услуги за улично одржување ќе се врши на месечна основа врз основа на реализирани услуги за улично осветлување од ЈПКД Лакавица Конче.

За реализација на програмата надлежно ќе биде Одделение за урбанизам ,комунални дејности и заштита на животна средина, и Градоначалникот на Општина Конче. За следењето на реализацијата на секое тромесечие до Советот на општина Конче ќе биде доставуван писмен извештај за реализација на програмата за улично осветлување.

- Годишен извештај од ЈПКД,, Лакавица,,-Конче до Советот и Градоначалникот на општина Конче за реализација на програмата во 2023 година.

**VI.** Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Конче".

Број 08-1770/3
Дата 13.12.2022
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова,